Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 октомври 2022 година**

**Скопје, октомври 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 25 октомври 2022 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања м-р Бојан Маричиќ, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Алдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Марија Филева, советник на претседателот на Владата за политички процеси поврзани со Берлинскиот процес и унапредување на соработката во Југоисточна Европа.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министерот за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година – 31 декември 2022 година

1. Информација во врска со Извештајот за склучување на Договор за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор

2. Информација во врска со Извештајот за склучување на Договорот за признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на договорот за слободна трговија, со усогласен текст на Договор

3. Информација во врска со Извештајот за склучување на Договор за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор

4. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Информација со почетокот на изградбата на источниот регион на железничкиот Коридор VIII, делница Куманово - Бељаковце - Крива Паланка

8. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „TALOS 22", во Република Грција

9. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Мојно", Општина Могила

10. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на САД на Армискиот полигон „Криволак", со Предлог одлука

11. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Balkan Shield 22", во Република Грција

12. Информација за исплата на пензии за октомври 2022 година

13. Програма за изменување на Инвестиционата програма за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица", Кичево и Финансискиот план за изменување на Финансиски план за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица", Кичево, со Предлог – одлука

14. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделна стока

15. Информација во врска со изготвената анализа за можноста за продолжување на примената на летното сметање на времето во Република Северна Македонија

16. Информација за измена на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење стручни работи од областа на животната средина

17. Информација за учество во водењето на преговори за усогласување на текстот на меѓународниот договор за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Грција, со текст на Анекс

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година – 31 декември 2022 година**

Владата го разгледа Барањето на Министерството за информатичко општество и администрација за изменување на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година – 31 декември 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, го прифати и заклучи:
1. - Предлог на закон за административни службеници,
- Предлог на закон за вработените во јавениот сектор,
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка,
- Предлог на закон за високо раководна служба,
- Предлог на закон за централен регистар на население и
- Предлог на закон за организација на органите на државната управа,
да се реализираат во декември 2022 година.

Согласно горенаведеното, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2022-31.12.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2022-31.7.2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за склучување на Договор за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор (усогласена со Секретаријат за законодавство), ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Договорот за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за склучување на Договорот за признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на договорот за слободна трговија, со усогласен текст на Договор (усогласена со Секретаријат за законодавство), ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Договорот за признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на договорот за слободна трговија.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за склучување на Договор за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан, со усогласен текст на Договор (усогласена со Секретаријат за законодавство), ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 6**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 октомври 2022 година до 19 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи Заклучокот под реден број пет од точка 5 „Прашања и предлози“, од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2022 година, кој гласи: „Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (Фод ДООЕЛ, Битола), да ги покријат трошоците за логистичката и техничката поддршка за одржување на централниот настан за одбележување на државниот празник ‚11 Октомври‘ – Ден на народното востание на

Спомен-костурницата во Куманово.“, да се измени и да гласи: „Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (Елем турс ДООЕЛ Скопје), да ги покријат трошоците за логистичката и техничката поддршка за одржување на централниот настан за одбележување на државниот празник ‚11 Октомври‘ – Ден на народното востание на Спомен-костурницата во Куманово “.

**3.** Владата го разгледа Барањето доставено од Центарот за управување со кризи, под бр.09-3005/1 од 8 октомври 2022 година, го прифати и согласно член 35 од Законот за управување со кризи, заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба за операционализација на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението и одлуките за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 13 октомври 2022 година до 19 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 13 октомври 2022 година до 19 октомври 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со почетокот на изградбата на источниот регион на железничкиот Коридор VIII, делница Куманово - Бељаковце - Крива Паланка и ја усвои Информацијата со следниов заклучок:

- Се задолжува Службата за општи и заедничи работи да ги обезбеди следните работи: знамиња на Република Северна Македонија, Европска Унија, НАТО, Република Албанија и Република Бугарија, со сталци (големи), 130 столици поставени во кино систем, 100 шишиња вода (пластика 0.5л), 100 шишиња сок (пластика 0,5л) и 8 високи маси.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „TALOS 22“, во Република Грција, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Мојно“, Општина Могила, ја усвои Информацијата и даде согласност на поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Мојно“, Општина Могила.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на САД на Армискиот полигон „Криволак“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на САД на Армискиот полигон „Криволак“, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе, новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Balkan Shield 22“, во Република Грција, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за октомври 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 28.10.2022 година.

2.Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со октомвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 31.10.2022 година.

3.Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- за пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 31.10.2022 година (понеделник);

- за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 1.11.2022 година (вторник);

- за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 2.11.2022 година (среда), и

- за пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 3.11.2022 година (четврток).

**Точка 13**

Владата по Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“, Кичево и Финансискиот план за изменување на Финансиски план за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, со Предлог – одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделна стока и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изготвената анализа за можноста за продолжување на примената на летното сметање на времето во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за измена на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење стручни работи од областа на животната средина за наредна седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за учество во водењето на преговори за усогласување на текстот на меѓународниот договор за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Грција, со текст на Анекс ја усвои Информацијата и ги овласти лицата наведени во Анексот да учествуваат во водењето на преговори за усогласување на текстот на меѓународниот договор за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Грција.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 12:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**dr. Artan Grubi**